

Петар Георгиев Манџуков (с. Мирковци, Скопско, 27/13. VII. 1878 – ?/ 1. I.1966) – е македонски револуционер - анархист, активен учесник во македонското револуционерно движење во илинденскиот период. Бил активен член на Македонскиот таен револуционерен комитет од Женева, а повремено и придружник на Гоце Делчев. Автор е на мемоарската книга „Предвесници на бурата", во која со префинет и истанчен вкус раскажува возбудливи настани од поновата историја на Македонија. Пишувал на бугарски и македонски јазик.

Петар Манџуков е роден во 1878 година во скопското село Мирковци на Скопска Црна Гора. Внук е на митрополитот Натанаил Охридски и Пловдивски од село Кучевиште (познат како Натанаил Кучевишки или Натанаил Зографски), кој го доведува уште како мал во Пловдив, каде завршува основно образование. Секогаш подружуван и задоен со македонски дух од страна на од својот вујко, митрополитот Натанаил, Манџуков една година во учебната 1894/95 учел во Военото училиште во Софија, каде за првпат учествува во патриотскиот кружок на Васил Главинов. Потоа продолжил во гимназијата во Пловдив, каде заедно со Михаил Герџиков го основаат првиот ученички анархистички кружок во Бугарија.

Поради револуционерна активност во месниот анархистички кружок, во есента 1895 година Манџуков бил истеран од V клас на пловдивската гимназија. Манџуков своето образование го продолжил во Казанлак и Лом, но ни таму не останува мирен и основа анархистички кружоци, кои подоцна ќе се прошират низ цела Бугарија. Откако повторно бил исключен од училиштето во Казанлак, по наредба на судот во Стара Загора, своето образование го продолжил во Лом. По завршувањето на Педагошкото училиште во 1898

година,  во Лом, заминал да студира хемија на Универзитет во Женева, Швајцарија, каде останува верен на своите револуционерни активности. Станува член на Македонскиот таен револуционерен комитет од Женава, на т.н. женевска група.

Основата на оваа женевска група е директно поврзана со тајниот кружок во Пловдивската гимназија од 1896 година. Иако поголем дел од групата се наоѓа на студија во Женева, всушност по доаѓањето на Михаил Герџиков и Петар Манџуков во 1898 година, а под влијание на руските револуционери со кои стапиле во контакт, го реорганизираат овој анархистички кружок во Женева кој имал за цел преку внатрешна револуција да ја ослободи Македонија.

Писмото на Петар Манџуков испратено до Константин Кирков најдобро зборува за ставот на МТРК во однос на начинот како треба да дојде ослободувањето на Македонија. Групата своето внимание го насочува кон Европа и нејзиниот однос кон македонското прашање, па затоа Манџуков меѓудругото во своето писмо вели: „.. **Дотолку позагрижувачки е поведението на Европа која за сметка на своите сомнителни интереси го заборава својот долг кон еден мал народ во срцето на светот. Ми се чини дека нашата должност во моментот е борбата да ни биде свртена кон таа Европа која одлучува за судбината на нашиот народ,**
а потоа борбата со  Турците ќе биде беспредметна. ....
**Ние сакаме**
**да жртвуваме сопствени, а не туѓи животи**
... и преку нашата крв
**да го**
свртиме вниманието и симпатиите на човекољубивата Европа
.“


КОМИТЕТЪ НА МАКЕДОНСКИТѢ РЕВОЛЮЦИОНЕРИ — ТЕРОРИСТИ
LE COMITÉ DES REVOLUTIONNAIRES-TERRORISTES MACEDONIENS
NI DIEU NI MAITRE

[illegible]